## ФИЦРОЈ МАКЛИН, РАТ НА БАЛКАНУ, Београд 1980

Ниту за една мала земја, која се бореше во Втората светска војна, не се напишани во светот толку книги и расправи колку за Југославија. За неа пишуваат и сојузниците и противниците. Покрај научните трудови, кои се резултат на научни истражувања на историчарите, посебно место заземаат сеќавањата на учесниците во борбите на тлото на Југославија, објавени во водечките земји на двете завојувани страни.

Во редот на бројните трудови за Народноослободителната војна во Југославија објавени во Велика Британија, спаѓаат и сеќавањата, кои, под насловот „Војната на Балканот", ги објави шефот на британската воена мисија при Врховниот штаб — бригадниот генерал Фицрој Маклин. Објавен првпат само четири години по завршувањето на Втората светска војна, при сè уште свежи сеќавања, трудот на Маклин, кој се појави во издание на „Просвета" од Белград во текот на 1980 година, содржи многу интересни податоци и впечатоци од големата ослободителна борба на југословенските народи и народности.

Доаѓањето на англиската воена мисија во Врховниот штаб на Народноослободителната војска и партизанските одреди на Југославија — во есента 1943 година, паѓа во времето кога по победите што при крајот на 1942 и почетокот на 1943 година ги постигнаа силите на Антихитлеровската коалиција (поразот на Германците кај Сталинград и успешната офанзива на западните сојузници во Северна Африка), кој беше означен како пресврт во развојот на војната. До крајот на 1943 година Црвената армија поврати голем дел од територијата на Советскиот Сојуз. Британските и американските трупи ги исфрлија германските и италијанските сили од Африка и извршија инвазија на Сицилија и Италија. За силите на Оската тоа беше голем воен, политички и морален пораз и слом на стратегијата на „секавична војна" и на митот за „непобедливоста" на Хитлерова Германија.

Вооружената борба на народите и народностите на Југославија во овој период исто така постигна значајни успеси. Најголемиот дел од народот воено и политички беше вклучен во ослободителното движење. Голем дел од територијата на Југославија беше слободен. Органите на народната власт на слободната територија беа наполно развиени, а мрежата на органите на народната власт беше широка и на неослободената територија. Во лицето на народноослободителните одбори народната демокрастка власт засилено се изградуваше.

Речиси секојдневните контакти со Тито и останатите истакнати раководители на народноослободителното движење во текот на една и пол година — од средината на септември 1943 до почетокот на март 1945 година — колку што престојувал во Југославија и присуството на англиските офицери во сите поголеми партизански единици, му овозможиле на шефот на британската воена мисија, како и на сите нејзини членови, целосен увид во дејноста и полити-

ката на највисокото воено и политичко раководство на народноослободителното движење и за релативно кусо време да стекнат точна претстава за обемот и ефикасноста на партизанското движење и да ги согледаат целите на борбата на југословенските народи.

Членовите на британската воена мисија, а посебно нејзиниот шеф Фицрој Маклин, наскоро можеле да се убедат дека партизаните војуваат не само против германскиот окупатор туку и против четниците. Уживајќи целосна и широка поддршка од населението, „длабоко задоено со традицијата на давање отпор против странските освојувачи“, како што самиот вели, Маклин можел да види дека ослободителното движење води успешни акции проив окупаторот и неговите слуги во сите делови на земјата. По ова неоспорно било кому треба сојузниците да ја упатат својата помош, чие организирање била една од неговите основни задачи. При таквите околности, меѓутоа, Маклин — сакал или не — се нашол меѓу стварноста на југословенското бојиште и политиката на својата влада, која во тоа време сè уште водела политика на „подеднаква помош“ на четниците и народноослободителното движење.

Уште на почетокот од својот престој во Југославија Маклин дошол до изобилство докази за вистинската улога на четниците, кои „се бореле рамо до рамо со Германците и Италијанците против партизаните“. Западните сојузници, меѓутоа, продолжија да ја игнорираат нивната соработка со окупаторот и борбата против ослободителното движење. Упатувањето на воената мисија во Врховниот штаб било проследено со упатување на соодветна мисија и во штабот на Дража Михајловиќ. Помошта на четниците сè уште беше изобилна, додека материјалната помош на ослободителното движење, која штотуку почна да пристига, остана симболична, макар што ослободителното движење, ослонувајќи се на сопствените сили, уште пред да добие каква било материјална помош, се разви во респективна сила и создаде услови за воена и политичка победа. Британската влада групата на југословенските политичари емигранти во Англија, ја сметаше за вистински претставник на југословенските народи.

Иако вели дека неговата мисија имала воен карактер — да се даде помош на оној што војува против окупаторот, а дека политиката спаѓала во втор план, блискиот развој на настаните покажа дека Британија не водела помалку грижа за своите политички интереси на балканското подрачје. Разговорите кои со месеци ги водеше Маклин со Тито и другите раководители на народноослободителното движење, сè повеќе добиваа политички карактер. Западните сојузници беа живо заинтересирани за идното политичко уредување на Југославија. Некои кругови на запад правеа напори вооружената борба во Југославија да се задржи на ниво на партизанско војување, а не да се создаде современа армија. Се водеше политика на изолација на нашата вооружена борба од сојузничката јавност на запад. Се разбира дека таквата политика мораше да доживее целосен неуспех.

Сеќавањата на Маклин исто така се илустративно сведоштво и за многубројните жртви што ги плаќаше недолжното население за поддршката што ја даваше на ослободителното движење. Германците, Италијанците, Бугарите и многубројните месни квислинзи преземаа диви репресалии против народот. Непријателот со својата суровост, меѓутоа, не ја постигна целта, бидејќи предизвикуваше таква омраза и огорченост кај населението, што тоа уште порешително го помагаше и сè помасовно му пристапуваше на ослободителното движење.

Особено интересни се и впечатоците што кај Маклина ги оставил другарот Тито, во кого уште од првиот момент видел „човек кој одлучува, а не потчинет“. „Би то отскокнуваше од сите — пишува Маклин. Кога требаше да се донесуват одлуки, тој ги донесуваше; кои и да било, политички или воени, ги донесуваше мирно и прибрано; бев сигурен дека од него ќе добијам брз и незаобиколен одговор за секое прашање. Истовремено тој реагираше подеднакво остро на сè она што, во најширока можна смисла, можеше да се смета за омаловажување на националното достоинство на Југославија. Кај Тито постоеја многу неочекувани особености: изненадувачка широчина на погледот; постојано присутна смисла за хумор; постојано уживање во ситните животни задоволства; воздржаност, но и природна присност во односите со луѓето; грижа и широкоградост што ги покажуваше за сè постојано“. Потсетувајќи дека за идното уредување на земјата може да одлучува само народот по завршувањето на војната, Тито истакнуваше дека премногу големи се жртвите дадени во борбата за да се одречат југословенските народи од својата независност.

Пишувајќи за решителноста на борците на народноослободителната војска да истраат во својата праведна борба, Маклин, меѓу другото, вели: „Едно на сите им беше заедничко: беа многу горди на своето движење и на она што го постигнале. Им беа важни само: нивната народноослободителна борба, нивната борба против освојувачот, нивните победи, нивните жртви. Најмногу се гордееја со тоа што никому ништо не му должеа, што досега сè постигнале без каква и да било помош од страна. Кон оваа гордост се придружуваше духот на самопожртвување, кој беше тешко да не се почитува. Животот на секој од нив се одвиваше самодисциплинирано, со целосно одречување“.

Независно од тоа што можат да се сретнат и извесни непрецизности или денес веќе надминати интерпретации на кои им недостасува документарна подлога, веројатно резултат на фактот што британските воени архиви сè уште биле затворени додека ги пишувал овие сеќавања, и што е присутно, како и кај други странски автори, извесно предимензионирање на сојузничкото непосредно ангажирање во Југославија, трудот на Фицрој Маклин „Војната на Балканот“, доловувајќи ја целосно атмосферата за едно исклучително време, несомнено е значајно сведоштво за големите денови на нашата историја.

Ристо ХРИСТОВ